СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **02-167/13**
Скопје, 24.02.2022 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на *член 27* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (*Сл.весник на РСМ бр. 118/2021*), на својата **25-та седница** одржана на **24.02.2022 година** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за**
**измена на Одлука бр. 02-832/10 од 21.08.2021 година**
**за плаќање на трошоци при поднесување на барање за членство во СКМ**

**Член 1**

Во **член 4 став 1** од Одлуката бр. 02-832/10 од 21.08.2021 година донесена на 22-рата седница на Извршниот одбор на Комората, датумот **01.03.2022 година се менува со датум 01.04.2022 година** и сега гласи:

"Трошоците за **повторно зачленување** од **01.04.2022 година** за секои 12 месеци неплаќање при поднесување на барање за зачленување ќе изнесуваат **1.200,00 денари**, односно на пр. за доцнење од **12-24 месеци** ќе се плаќа износ од **1.200,00 денари**, за доцнење **над 24 месеци** ќе се плаќа износ од **2.400,00 денари**, за доцнење **над 36 месеци** - износ од **3.600,00 денари** итн."

**Член 2**

Во **член 6 став 1** од Одлуката бр. 02-832/10, датумот **01.03.2022 година се менува со датум 01.04.2022 година** и сега гласи:

"Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од **01.04.2022 година**."

**Член 3**

Одлуката се носи поради делумно остварување на целта поради која е донесена Одлуката бр. 02-832/10 од 21.08.2021 година.

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од **01.04.2022 година**.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER
MEMBER OF fdi

**Бр. 02-832/10**

Скопје, 21.08.2021 година

Врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021)*, Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на својата **22-ра седница**, одржана на **ден 21.08.2021 година,** ја донесе следната

## **ОДЛУКА**
### **за трошоци при поднесување на барање за членство во СКМ**

**Член 1**

Согласно член 14 од СТАТУТОТ на СКМ, *членство во Комората се остварува со поднесување на* ***писмено барање за зачленување*** *од докторот на стоматологија,* ***писмено барање за издавање, обновување и продолжување на лиценца за работа од доктор на стоматологија*** *кој ги исполнува условите утврдени со Законот за здравствената заштита и поднесување на* ***барање за упис во*** *Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа за доктор на стоматологија кој врши стоматолошка дејност.*

**Членството кое престанало по основ на неоправдано неплаќање на членарина** повеќе од 12 месеци, ќе може да се обнови согласно член 14 до Статутот на Комора со поднесување на барање за **повторно зачленување**, кое барање ќе може да го поднесе секој доктор на стоматологија на кој му престанало членството иритоа ја плати заостанатата членарина во целост.

**Член 2**

Висината на **годишната членарината** не се менува, односно не се доставува предлог до Собранието на Комората за промена на износот за годишна членарината, со што висината на членарината за вработени доктори на стоматологија останува иста, односно **1.200,00 денари**, додека за невработените доктори на стоматологија останува износ од **200,00 денари.**

Износот од **300,00 денари годишно** кој докторот на стоматологија го уплаќа во **Фондот за взаемна помош** не се менува, односно не се доставува предлог до Собранието на Комората за промена на истиот. Износот од **300,00 денари** кој се уплаќа во **Фондот за взаемна помош** е ист за вработени и за невработени членови на Комората.

**Член 3**

Доктори на стоматологија кои не плаќаат членарина редовно, односно кои **неоправдано немаат платено членарина повеќе од 12 месеци**, независно дали се вработени или невработени, од Стручната служба, како и од избраните претставници во органите и телата на Комората нема да се третираат како членови на Комората и ќе ги изгубат сите права, должности и активности во Комора.

**Член 4**

Трошоците за **повторно зачленување** од 01.03.2022 година за секои 12 месеци неплаќање при поднесување на барање за зачленување ќе изнесуваат **1.200,00 денари**, односно на пр. за доцнење од **12-24 месеци** ќе се плаќа износ од **1.200,00 денари**, за доцнење **над 24 месеци** ќе се плаќа износ од 2.400,00 денари, за доцнење **над 36 месеци** - износ од **3.600,00 денари** итн.

Доколку некој доктор сака да плати членарина **еднократно при релиценцирање**, за сите седум години одеднаш, ќе го плати заостанатиот долг на име членарина за 7 години во износ од 8.400,00 денари, со **дополнителен трошок од 8.400,00 денари за барањето за зачленување.**

**Член 5**

Одлуката да се објави на веб страната и во списанието на Комората, а во наредниот број на списанието да се аплицираат и бланко налози за плаќање за сите оние кои немаат членарина платено заклучно и за 2021 година до 01.03.2022 година.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе започне да се применува од **01.03.2022 година.**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË SHKUP СКОПЈЕ